# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 5

29.04.2021 година

Службен гласник на општина Делчево — Уредува

Излегува по потреба — Одделение за правни и општи работи

Април,2021

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево (“Сл. гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 29.04.2021 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за објавување на акти од 52. седница

на Советот на Општина Делчево

I

Да се објават во „Службен гласник на општина Делчево„ актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **52. седница** која се одржа на ден **28.04.2021 година** и тоа:

1. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2020 година со Годишен финансиски извештај, со Заклучок за усвојување;

2. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно-планскиот регион за 2015-2019 ;

3.Завршна сметка на ЈКП „Брегалница“- Делчево за 2020;

4 **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работата на ЈКП „Брегалница“- Делчево за 2020 година со Заклучок за усвојување;

5. **Заклучок** за усвојување на Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2021 до 31.03.2021;

6. **Заклучок** за усвојување на Измена на Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“ за 2021;

7. **Одлука** за приоритетен предлог-проект и финансиско учество;

8.**Одлука** за приоритетен предлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;

9.**Одлука** за вклопување на бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко-планската документација, објект со намена Трафостаница „БОНД“ по барање на ЕВН Македонија;

10. **Одлука** за дополна на Програмата за урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година;

11.Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година;

12. **Одлука** за финансиска помош Тања Механџиски;

13. **Одлука** за финансиска помош Стојанка Тодоровска;

14. **Одлука** за финансиска помош Влатко Цинцовски;

15. **Одлука** за финансиска поддршка на Кик Боксинг клуб АС;

16.**Одлука** за доделување награда на најдобрите ученици од ромска националност во општинските основни училишта;

17.**Одлука** за дополнување на Одлуката за определување на населени места во општина Делчево во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување;

18.**Програма** за работа на Соработникот за превенција, заштита и спасување, Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР, Одделение за локален економски развој, превенција, заштита и спасување при општина Делчево за 2021 година;

19. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за реализирани активности на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата- Делчево за 2020 година

20. **Програма** за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата-Делчево за 2021 година;

21.**Одлука** за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на решение за реконструкција на санитарни јасли во ООУ „Ванчо Прке“ во Делчево;

22. **Одлука** за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на решение за адаптација со пренамена на поткровен простор во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

23. **Одлука** за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година.

24. **Програма** за урбана опрема на територијата на град Делчево;

25.**Одлука** за одобрување на приоритетен објект за апликација по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ преку фондовите на Европската инвестициона банка;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

| | |
|---|---|
| **Број 08-835/1** | **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО** |
| **29.04.2021 година** | **Градоначалник,** |
| **Делчево** | **Горан Трајковски,с.р.** |

1.Врз основа на член 26 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ“ бр.63/2007) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 52.редовна седница, одржана на ден 28.04.2021, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Годишниот Извештај за работењето

на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2020 година

со Годишен финансиски извештај

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2020 година бр.01-90/1 од 26.03.2021 година, заедно со Годишниот финансиски извештај за 2020 година кој е составен дел на истиот;

2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот со седиште во Штип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 801/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28 .04. 2021 год. Претседател,

Д е л ч е в о Драган Маневски, с.р.

2. Врз основа на член 26 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ“ бр.63/2007) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 52.редовна седница, одржана на ден 28.04.2021, донесе

ЗАКЛУЧОК

за Годишниот Извештај за спроведување

на Програмата за развој на

Источно-планскиот регион за 2015-2019 година

1. Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно-планскиот регион за 2015-2019 година, која се применуваше и во 2020 година, бр.09-93/1 од 29.03.2021 година, се усвојува.

2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот со седиште во Штип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

Број 09-802/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.04.2021 год. — Претседател,

Д е л ч е в о — Драган Маневски, с.р.

3.Врз основа на член 36 став 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево на својата 52.редовна седница, одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Завршната сметка

На ЈКП „Брегалница“ – Делчево за 2020 година

1.Се усвојува Завршната сметка на ЈКП „Брегалница“ –Делчево за 2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 803 /1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28. 04.2021 год. — Претседател,

Д е л ч е в о — Драган Маневски,с.р.

4.

Врз основа на член 36 став 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево на својата 52.редовна седница, одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

Заклучок

за усвојување на Извештајот за работата

на ЈКП „Брегалница„-Делчево за 2020 година

1. Се усвојува Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница“ Делчево за 2020 година бр.0102-100/1 од 11.03.2021.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-804/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28 .04.2021 година Претседател,

Д е л ч е в о Драган Маневски,с.р.

**5.**Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 52.редовна седница, одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Тримесечниот извештај за

финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево

за период 01.01.2021 -31.03.2021

1.Се усвојува Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот 01.01.2021 -31.03.2021 година, број 0102-133/1 од 16.04.2021 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево со Одлука број 0202-138/2 од 20.04.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 805/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.04.2021 година Претседател,

Д е л ч е в о Драган Маневски,с.р.

6.

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), член 32 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014 и 11/2018), како и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево,на својата 52. редовна седница, одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Измена на Годишниот план за вработување

на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2021година

1.Се усвојуваат Измените на Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2021 година бр.0403-140/1 од 21.04.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

| | |
|---|---|
| Број 09-806 /1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| 28.04.2021 година | Претседател, |
| Д е л ч е в о | Драган Маневски,с.р. |

7.Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ. Бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015 Советот на општина Делчево на својата седница одржана на ден 28 .04.2021 година ја донесе следната

ОДЛУКА

За приоритетен предлог проект и финансиско учество

Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот **„РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО НИЗВОДНО “.**

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година.

Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 6.013,377.42 денари.

Член 2

За реализација на проектот **„РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО НИЗВОДНО “** во должина од 162.22 метри потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.

Член 3

Средствата потребни за реализација на проектот **„РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО НИЗВОДНО “**ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен Гласник на општина Делчево“.

**Бр.09-807/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**28.04.2021 година** — **Претседател,**

**Делчево** — **Драган Маневски,с.р.**

8.Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ. Бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015 Советот на општина Делчево на својата седница одржана на ден 28.04.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За приоритетен предлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби**

Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот **„Изградба на Дел од велосипедска патека од Делчево до место викано Илин Камен “.**

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, а по програмата за за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2021 година.

Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 4.999,893.25денари.

Член 2

За реализација на проектот „Изградба на Дел од велосипедска патека од Делчево до место викано Илин Камен“. во должина од 720 метри потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.

Член 3

Средствата потребни за реализација на проектот „Изградба на Дел од велосипедска патека од Делчево до место викано Илин Камен“. ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа- Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен Гласник на општина Делчево“.

**Бр.09-808/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**28.04.2021 година** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

9.Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.Весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево, на својата 52. редовна седница, одржана на ден 28 .04.2021 година, донесе

ОДЛУКА

**за вклопување на бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко- планска документација Објект со намена - Трафостаница „БОНД“**

**по барање на ЕВН Македонија**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправно-изграден објект број 03-228/1 од 17.03.2016 година, од страна на ЕВН „Македонија“, а кое се однесува на бесправно изграден - Трафостаница „БОНД“, изградена на к.п.бр. 6041/3 КО Делчево, кој бесправно-изграден објект е во опфат на Генерален урбанистички план, за Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација,

односно, Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ, Советот на Општина Делчево констатира дека за истиот може да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко-планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево"./

**Број 09- 809/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**28 .04.2021 година** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

**10.**

Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 52. седница одржана на ден 28.04. 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021**

**Член 1**

Со оваа Предлог Одлука се врши дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година, донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-2149/1 од 29.12.2020 година.

**Член 2**

Во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година бр. 09-2149/1 од 29.12.2020 година се врши следната дополна:

Во поглавјето ,, <u>Урбанистички планови за град Делчево</u>" **по точката 11 се додава точка 12 која гласи:** „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план-за намена Е1,13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат во КО Звегор, к.п. бр.3730 (вон град ) Општина Делчево".

Овој локалитет опфаќа цела или дел од к.п. бр.3730 во КО Звегор, к.п. бр.3730 (вон град ) Општина Делчево".

Член 3

Во поглавјето **,, Урбанистички планови за град Делчево" по точката 12 се додава точка 13 која гласи:** „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена А4- Времен престој за опфат во ко Делчево к.п. бр. 1852/4 Општина Делчево.

Овој локалитет еопфаќа цела или дел од к.п. бр. 1852/4 ко Делчево Општина Делчево.

Член 4

Оваа Одлука е составен дел на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година, донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-2149/1 од 29.12.2020 година.

**Член 5**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

Број 09 – 810/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.04.2021 год. Претседател,

Делчево Драган Маневски,с.р.

11.

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 7 и член 142 став 5 од Законот за социјална заштита („ Сл.весник на РМ„ бр.104/2019 и 146/2019) и член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РСМ“ број 5/02) а согласно Националната програма за развој на социјалната заштита , Социјалниот план на Општина Делчево за 2021/22 година, бр.08-2063/1 од 15.12.2020 година и Локалниот Акционен план за социјална заштита 2019-2021 , а по доставено позитивно мислење од МТСП бр.08-622/1 од 02.04.2021 година, Советот на Општина Делчево на својата 52. редовна седница, одржана на 28.04.2021 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2021 ГОДИНА

### I. Појдовна основа

Остварувањето на социјалната заштита во Општина Делчево се заснова пред се на Законот за социјалната заштита; Законот за заштита на децата; Законот за семејство; Националната програма за развој на социјална заштита во РСМ; Програмата за развој на заштитата на децата во РСМ и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Македонија, како и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општината Делчево, каде се уредени правата на граѓаните од областа на социјалната, детската и здравствената заштита.

Оваа Програма поблиску ги уредува подрачјата на социјална заштита, специфичните потреби на населението на Општина Делчево и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита.

Програмата го има во предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и функциите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво.

Социјалната заштита во Општина Делчево ќе се реализира во согласност со расположливите финансиски средства.

Програмата предвидува соработка со надлежниот Центар за социјална работа, односно со Министерството за труд и социјална политика , приватниот сектор , невладините организации и секако со Советот за социјална заштита на Општина Делчево и Советот за социјална заштита на планскиот регион.

### II. ЗАКОНСКА ОСНОВА

- Закон за социјална заштита („Сл.весник на РСМ„ бр.104 од 23.05.2019),

- Закон за изменување и дополнување на законот за социјална заштита („Сл.весник на РСМ„ бр.146 од 17.07.2019)
- Закон за заштита на децата („Сл.весник на РСМ„ бр.146 од 17.07.2019),
- Закон за семејство („Сл.весник на РСМ„ бр.153 од 20.04.2014)
- Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство(„Сл.весник на РСМ„ бр.150 од 02.09.2015)
- Закон за локална самоуправа („Сл.весник на РСМ„ бр.5 од 29.01.2002)
- Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весник на РСМ„ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11)
- Закон за основно образование („ Сл.весник на РСМ„ 103/08...................64/18),
- Национална програма за социјална заштита („Сл.весник на РСМ„ 192 од 17.10.2016)
- Национална стратегија за деинстутионализација
- Локалниот Акционен план за социјална заштита 2019-2021 („Сл.гласник на Општина Делчево„ бр14/2018 од 13.11.2018)
- Социјален план на Општина Делчево за 2020 година , бр.10-2189/3 од 22.11.2019 година,
- Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022, (Сл.гласник на Општина Делчево бр.11/2019 од 30.09.2019),
- Акциски план на Општина Делчево за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост за општините Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022, бр.09-1840/1 од 27.09.2019 година („Сл.гласник на Општина Делчево„ бр.11/2019 од 30.09.2019)
- Други стратешки документи и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита.

## III. Мапирање на општи карактеристики на општината

### *3.1 Општи карактеристики на Општина Делчево*

МЕСТОПОЛОЖБА

Општина Делчево се наоѓа во крајниот североисточен дел на Република Северна Македонија, во подножјето на планината Голак (Чавка - 1524м), непосредно до бугарската граница на оддалеченост од само 10км. На исток е заградена со планината Влаина, на север со Осоговските и на југ со Малешевските планини. Сместена е во котлината Пијанец и распослана по горниот тек на реката Брегалница. Општината со нејзината поширока околина се протега на следните координати: 41º 58’ северна географска ширина и 22º 46’ источна географска должина, на надморска височина од 630 метри. Климата е умерено - континентална.

Општина Делчево на југ се граничи со општините Пехчево и Берово, на запад со општината Виница, на северозапад со општината Македонска Каменица, а на исток и североисток со Република Бугарија. Општината претставува важна алка на источномакедонската магистрала, која ги поврзува сите поголеми населби во овој дел на земјата, а понатаму и со делови од територијата на соседна Бугарија.

Практично, Делчево лежи  на еден многу важен крстопат преку кој во напоредннчки правец води најкусата врска меѓу долината на реката Вардар од една, и долината на реката Струма од друга страна.

Административно гледано, градот Делчево е седиште на општината Делчево која  има уште 21 населено место.



## НАСЕЛЕНИЕ

Според Пописот во 2002 година во општина Делчево живеат 17.505 жители, од кои 11.536 или 66% во општинскиот центар, т.е. градот Делчево. Просечната густина на населеност е 42,5 жители/км2, што е под просекот на Република Македонија од 78,8 жители/км2.

Во општина Делчево околу градот Делчево гравитират и  22 населени места со население според следната динамика:

| Р.б | Населено место | Број на жители |
|---|---|---|
| 1 | Делчево | 11536 |
| 2 | Бигла | 275 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Ветрен | 114 |
| 4 | Вирче | 494 |
| 5 | Вратиславци | 36 |
| 6 | Габрово | 799 |
| 7 | Град | 529 |
| 8 | Драмче | 277 |
| 9 | Ѕвегор | 882 |
| 10 | Илиово | 127 |
| 11 | Киселица | 35 |
| 12 | Косово Дабје | 21 |
| 13 | Нов Истевник | 138 |
| 14 | Очипала | 92 |
| 15 | Полето | 194 |
| 16 | Разловци | 831 |
| 17 | Селник | 27 |
| 18 | Стар Истевник | 67 |
| 19 | Trаботивиште | 530 |
| 20 | Турија | 103 |
| 21 | Чифлик | 53 |
| 22 | Стамер | 345 |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно: | 17505 |
| | Домаќинства | 5568 |
| | Просечен број на членови на домаќинства | 3,1 |
| | Станови(сите видови на живеалишта) | 7163 |

Извор: Статистички годишник на РМ, 2012

Бројот на население во општина Делчево според пописите е со следната динамика:




2

Извор: Статистички годишник на РМ, 2012

Стапката на пораст на населението во периодот 1994 – 2002 изнесува – 0,16, што е помалку од просекот на Републиката, кој изнесува 0,48.




Вкупно население во општина Делчево според возраст:

Извор: Државен Завод за Статистика

Просечната возраст на населението во општина Делчево изнесува 36,8 години, а индексот на стареење е 0,414.

Стапката на пораст на населението во периодот 1994 – 2002 изнесува – 0,16, што е помалку од просекот на Републиката, кој изнесува 0,48.
Просечната возраст на населението во општина Делчево изнесува 36,8 години, а индексот на стареење е 0,414.

| | Вкупно | 0-14 години | | 15-64 години | | над 65 години | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 16454 | 3.048 | 17,62% | 12.540 | 71,64% | 1.881 | 10,74% |
| **Мажи** | 8977 | 1.578 | 17,58% | 6.946 | 77,34% | 842 | 9,38% |
| **Жени** | 8528 | 1.506 | 17,66% | 5.594 | 65,59% | 1.039 | 12,18% |

### Табела 4. Старосна структура на населението во општина Делчево, според процената за 30.06.2014 година

Вкупно население во општина Делчево според половата структура е 51% мажи и 49% жени.

Вкупно население во општина Делчево според образовна структура:




Извор: Државен Завод за Статистика, Попис 2002

Стапката на писменост изнесува 96,9%.

Вкупно население во општина Делчево според национална припадност:




Извор: Државен Завод за Статистика, Попис 2002

Повеќе од 80% од вкупното население во општина Делчево е градско. Старосната структура на населението во општина Делчево се карактеризира со значителни промени во насока на намалување на учеството на младите и значителен пораст на уделот на повозрасното население. Интензивниот процес на демографско стареење го потврдуваат показателите за рангот на демографска старост. Работоспособното население се намалува и е поинтензивно кај возрасните групи над 40 годишна возраст. Тоа инплицира на неповолна старосна структура на работоспособното население, како демографска рамка од која се регрутира работната сила.

Со оглед на тоа се претпоставува дека старото население е во постојан пораст над бројот на младата популација, заради трендот на иселувањето и привременото емигрирање којшто е генерален проблем со кој се среќава целата наша држава.

Познато е дека пописот на населението во РМакедонија не беше успешно спроведен при крајот на 2011 година и овие податоци неможат да ја покажат реалната состојба во општината.

## IV. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ПЛАН И ПРОГРАМИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Согласно Законот за социјална заштита ( „Сл.весник на РСМ„ 104/2019 и 146/2019) доделени се одредени надлежност на општините , меѓу кои и надлежноста дадена во член 11, став 1 алинеја 4 каде стои: „општините формираат Совет за социјална заштита за подрачјето на општината„. Советот за социјална заштита на Општина Делчево , формиран со Одлука на Советот на Општина Делчево бр.09-1986/1 од 21.10.2019 година, донесе Социјален план на Општина Делчево за 2020 година ( во понатамошниот текст Социјален план) . Социјалниот план содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјалните услуги во општината.

**Главни активности на Советот за социјална заштита:**

Од увидот во реализирањето на Локалниот Акционен план за социјална заштита 2019-2021, како и на состојбите и потребите на различните социјални групи на ниво на општина Делчево, Советот за социјална заштита на Општина Делчево ги утврди следните активности за делување за 2021/22 година:

- Идентификација на сите ризични групи на ниво на општината
- Увид и располагање со релевантни податоци;
- Анализа на податоци и состојби, вршење на споредбени анализи;
- Идентификација на приоритетните интервенции(мерки и форми на социјална заштита.
- Идентификација на релевантни социјални сили(институциите, НВО, приватен сектор итн.);
- Следење, утврдување и анализа на постигнатите резултати и реализирани активности од имплементирањето на планот и програмата за социјалнба заштита на Општина Делчево ;
- Редовна комуникација, средби и размена на податоци и информации со сите социјални сили на ниво на општината;
- Транспарентното работење и објавување на годишни извештаи од имплементирањето на планираните активности според планот за социјална заштита;
- Предлог на нови програми и форми на социјална заштита (давање на социјални услуги од страна на лиценцирани даватели на социјални услуги во општината);

За унапредување на **социјалната заштита во Општина Делчево, потребно е воведување на социјални услуги кои се индивидуализирани и прилагодени на конкретните потреби на корисникот и семејството, што подразбира сеопфатно ангажирање на сите постоечки институции во општината, нивните надлежности и евентуалното нивно вклучување во сферата на социјалните услуги кои ќе им се пружаат на граѓаните на општина Делчево**.

## 4.1 Општинска администрација:

Вкупениот број на вработени во општинската администрација заклучно со 01.12.2020 година изнесува 62 лица од кои 45 во општинската администрација и 17 во ТППЕ Делчево. Според половата структура 39 се мажи (17 со ВСП, 1 со ВСШ и 21 со ССП) и 23 жени ( 17 со ВСП, 1 со

ВСШ и 5 со ССП). Во рамките на општинската администрација нема посебно одделение за социјална заштита, планирањето на социјалниот развој во општината е составен дел од работата на Одделението за јавни дејности.

Општината има донесено Локален Акционен план за социјална заштита 2019-2021, Социјален план на Општина Делчево за 2020 година, Програма за социјална заштита за 2020 година, Стратегија за родова еднаквост 2020-2022, Акциски план за родова еднаквост и др. стратешки документи.

Соработката со граѓаните најчесто се реализира преку известување за активностите преку информативен билтен, веб-страница и преку медиумите. Исто така, за подобра соработка со граѓаните на општина Делчево, граѓаните еднаш неделно имаат можност за прием кај Градоначалникот.

Како форма за помош на социјално загрозеното население, Општината доделува еднократна парична помош, за чие доделување надлежност има Советот на општината и Градоначалникот согласно Правилникот за доделување на парична помош. Воедно општината доделува и еднократен надоместок за секое новороденче , стипендии за учениците и студентите кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и парична помош за секое прваче запишано во училиште.

Од годишниот буџет на Општината 7.822.000 денари се издвојуваат за социјални трансфери.

## 4.2 Образовни институции

Во општина Делчево има 2 основни училишта ООУ „Ванчо Прке„ и ООУ „Св.Климент Охридски„ и едно средно училиште и тоа СОУ „М.М.Брицо„

### 4.2.1 ООУ „Ванчо Прке„ Делчево

ООУ „Ванчо Прке„ Делчево е лоцирано во централното градско подрачје, поточно на адреса: ул. Н.Ј.Вапцаров бб

Делчево. Во рамки на ООУ „Ванчо Прке„ Делчево функционираат две подрачни училишта и тоа во с. Звегор и с.Габрово.

Во ООУ „Ванчо Прке“ во учебната 2020/21, наставата ја следат вкупно **529** ученици (од кои женски 249 и машки 280 ученици) ,кои се распоредени во 31 паралелки, од кои 506 ученици се во централното училиште во градот Делчево кои се распоредени во 31 паралелка. Останатите ученици вкупно 21 се распоредени во подрачните училишта во населените места Габрово и Звегор. Во ова училиште претежно учениците се од македонска националност и тоа 491, 59 роми и 5 турци.

Во ООУ „Ванчо Прке“ во учебната 2019/20, наставата ја следеле вкупно **560** ученици (од кои женски 268 и машки 292 ученици) ,кои биле распоредени во 39 паралелки, од кои 437 ученици биле во централното училиште во градот Делчево , распоредени во 31 паралелка. Останатите ученици вкупно 23 биле распоредени во подрачните училишта во населените места Габрово и Звегор. Во ова училиште претежно учениците се од македонска националност и тоа 491, 58 роми и 11 турци.

Во учебната 2018/19 година, во истото училиште наставата ја следеле вкупно **573** ученици ( од кои женски 272 и машки 301 ученик) , што покажува мал пад на бројот на ученици во учебната 2019/20 година. Бројот на ученици во истото училиште во учебната 2020/21 е со значителен пад од 31 ученик.

ООУ „Св.Климент Охридски„ се наоѓа на ул: М.М.Брицо„ бб и е во непосредна близина на СОУ „ М.М.Брицо„ Делчево.

Во ООУ „Св. Климент Охридски" во учебната 2020/21 година, наставата ја следат вкупно **525** ученици ( 249 женски и 276 машки ученици), од кои во централното училиште кое се наоѓа во градот Делчево наставата ја следат 405 ученици кои се распоредени во 32 паралелки. Училиштето има и пет подрачни училишта во населените места Стамер, Град, Вирче, Работивиште и Разловци, со вкупен број од 120 ученици.

Во ООУ „Св. Климент Охридски" во учебната 2019/20 година, наставата ја следеле вкупно **515** ученици ( 264 женски и 251 машки ученици), од кои во централното училиште кое се наоѓа во градот Делчево наставата ја следеле 401 ученици , распоредени во 32 паралелки. Училиштето има и пет подрачни училишта во населените места Стамер, Град, Вирче, Работивиште и Разловци, со вкупен број од 114 ученици.

Во учебната 2018/19 година, во ООУ „Св.Климент Охридски„ наставата ја следеле вкупно **557** ученици ( од кои женски 283 и машки 274 ученици) , што покажува пад на бројот на ученици во учебната 2019/20 година за 42 ученика за само 1 година. Во учебната 2020/21 во ова училиште забележлив е благ пораст на бројот на учениците во однос на минатата учебна година и тоа за 10 ученика.

Во општината има едно средно училиште СОУ „М.М.Брицо„ кое е лоцирано на ул: М.М.Брицо„ бр.

Во средното училиште во учебната 2020/21 година, учат вкупно **400** ученици ( 211 женски и 189 машки ученици) распоредени во 24 паралелки и тоа во гимназиско образование 20 паралелки , 4 паралелки во стручното образование и тоа стручно четиригодишно образование текстилно кожарска струка и стручно четиригодишно образование хемиско технолошка струка

Во учебната 2019/20 година, учеле вкупно **374** ученици ( 198 женски и 176 машки ученици) распоредени во 23 паралелки и тоа во гимназиско образование 19 паралелки , 4 паралелки во стручното образование и тоа стручно четиригодишно образование текстилно кожарска струка и стручно четиригодишно образование хемиско технолошка струка . Во изминатите учебни години се воведе нова струка во СОУ М.М.Брицо во стручно тригодишно образование угостителско туристичка струка-келнери, но поради незаинтересираност на учениците за упис во оваа струка истата е укината..

Споредбено движење на податоците со бројот на ученици во изминатите години

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|
| Училиште | 2010/2011 | 2011/2012 | 2012/2013 | 2013/2014 |
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња: 81<br>Вкупно: 650 | Првачиња: 64<br>Вкупно: 627 | Првачиња: 69<br>Вкупно: 599 | Првачиња: 68<br>Вкупно: 617 |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња: 80<br>Вкупно: 750 | Првачиња: 61<br>Вкупно:714 | Првачиња: 83<br>Вкупно: 714 | Првачиња: 61<br>Вкупно:686 |
| **ВКУПНО:** | **Првачиња: 161**<br>**Вкупно: 1400** | **Првачиња: 125**<br>**Вкупно:1341** | **Првачиња: 152**<br>**Вкупно: 1313** | **Првачиња: 129**<br>**Вкупно: 1303** |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:135<br>Вкупно: 567 | I година:121<br>Вкупно: 526 | I година:136<br>Вкупно: 510 | I година: 119<br>Вкупно: 490 |
| | | | | |

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|
| Училиште | 2014/2015 | 2015/2016 | 2016/2017 | 2017/2018 |
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња: 77<br>Вкупно: 614 | Првачиња: 69<br>Вкупно: 607 | Првачиња: 79<br>Вкупно: 620 | Првачиња:63<br>Вкупно:600 |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња: 65<br>Вкупно: 655 | Првачиња: 52<br>Вкупно:596 | Првачиња: 64<br>Вкупно: 592 | Првачиња:66<br>Вкупно: |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО:** | **Првачиња:142**<br>**Вкупно: 1269** | **Првачиња:121**<br>**Вкупно: 1203** | **Првачиња:143**<br>**Вкупно: 1212** | **Првачиња:129**<br>**Вкупно: 1052** |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:98<br>Вкупно: 448 | I година:104<br>Вкупно: 432 | I година:71<br>Вкупно: 383 | |

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|
| Училиште | 2018/2019 | 2019/2020 | 2020/2021 | |
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња: 63<br>Вкупно: 560 | Првачиња: 58<br>Вкупно: 573 | Првачиња: 43<br>Вкупно: 529 | |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња: 62<br>Вкупно: 557 | Првачиња: 36<br>Вкупно:515 | Првачиња: 66<br>Вкупно: 525 | |
| **ВКУПНО:** | **Првачиња:**<br>**Вкупно: 1117** | **Првачиња:121**<br>**Вкупно: 1088** | **Првачиња: 109**<br>**Вкупно: 1052** | |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:39<br>Вкупно: 371 | I година: 107<br>Вкупно: **374** | I година: 91<br>Вкупно: **400** | |

### 4.3 Воспитно образовни институции

Во Општина Делчево постои само една детска градинка ОЈУДГ „Весели Цветови„ која е лоцирана непосредно до ООУ „Ванчо Прке„ поточно на ул: „Светозар Марковиќ„ бр.12 Делчево. И покрај доградбата на дополнителни простории за згрижување на децата од предучилишна возраст, капацитетот на единствената детска градинка во општината е сеуште мал за да ги згрижи сите деца кои се на листа за чекање.

**Податоци од ОЈУДГ „Весели цветови„ Делчево**

| Број на групи | Број на деца | | Згриж. кадар | | Број на групи | Број на деца | | Згриж. кадар | | Број на групи | Број на деца | | Згриж. кадар | | Број на групи | Број на деца | | Згриж. кадар | | Број на групи | Број на деца | | Згрижу. кадар | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019/2020 | | | | | 2018/2019 | | | | | 2017/2018 | | | | | 2016/2017 | | | | | 2015/2016 | | | | |
| | 392<br>8+17=25 | | | | | 331<br>8+14=22 | | | | | 325<br>8+11=19 | | | | | 245<br>8+11=19 | | | | | 254<br>8+11=19 | | | |
| | Ж | М | Ж | М | | Ж | М | Ж | М | | Ж | М | Ж | М | | Ж | М | Ж | М | | Ж | М | Ж | М |
| 14 | 192 | 200 | 25 | | 14 | 160 | 171 | 22 | | 13 | 155 | 170 | 19 | | 10 | 127 | 107 | 19 | | 10 | 131 | 123 | 19 | |

## 4.4 Здравствени установи

Примарната здравствена заштита во општина Делчево се остварува во ЈЗУ Здравствен дом-Гоце Делчев кој е ситуиран во градот Делчево и во рамките на кој егзистира специјалист за детска и школска медицина, специјалисти за интерна медицина, геникологија, психијатар , невролог, ренгенолог, офтамолог и специјалист за уво нос и грло, лабараторија,трансфузиологија , епидемиологија и превентивна детска стоматологија. Во општина Делчево има 13 приватни здравствени установи ПЗУ (2 геникологи и 11 семејна медицина), и 13 приватни стоматолошки ординации ПЗУ, специјалистички 2 од кои 1 протетика и 1 стоматолошка специјалистичка ординација по ортодонција. Во општина Делчево има 6 активни аптеки. Во Делчево постои и Центар за хемодијализа кој опслужува пациенти од Делчево, Македонска Каменица, Пехчево и Берово.

## 4.5 Хуманитарни организации

Општинската организација на Црвен крст Делчево е формирана Декември 1951 година.

Општинската организација во своето работење се раководи од Статутот на Меѓународното движење – Меѓународна федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина, Женевските Конвенции од 1949 година, Дополнителните Протоколи од 1977 година

и 2005 година, Законот за Црвениот крст и Статутот на Црвениот крст на РСМ и ги почитува основните принципи на Движењето. Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Делчево е хуманитарна, доброволна, непристрасна, неутрална, универзална и независна организација на граѓаните, формирана од Црвениот крст на РСМ. Општинската организација дејствува и работи како непрофитна, самостојна и автономна организација и има помошна улога на властите во единиците на локалната самоуправа, при што ја задржува автономијата која му дозволува да дејствува во согласност со политиките на Црвениот крст на РСМ и со основните принципи на Движењето.

Податоци од ОО на Црвен крст Делчево за 2019

| Ред.бр | Настани/услуги | Број на учесници/жени/мажи | | Број на акции |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Крводарителни акции во 2019 | жени | мажи | Во 2019 година се одржаа вкупно 17 крводарителски акции. |
| | | 126 | 613 | |
| 2. | Хуманитарни акции во 2019 | жени | мажи | Во 2019 година се организираа вкупно 7 хуманитарни акции. |
| | | 32 | 7 | |
| 3. | Едукации за прва помош за возачи на моторни возила во 2019 | жени | мажи | Во 2019 година се спроведоа 25 курсеви за пружање прва помош на кандидати за возачи |
| | | 207 | 148 | |
| 4. | Обуки за лични асистенти во 2019 | жени | мажи | |
| | | 0 | 0 | |
| 5. | | жени | мажи | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Едукации за прва помош на работно место за вработени во јавни и приватни институции во 2019 | 0 | 0 | |
| 6. | Едукации за различни целни групи во 2019 | жени | мажи | Во 2019 се одржаа над 30 едукациски предавања. |
| | | 229 | 148 | |

Податоци од ОО на Црвен крст Делчево за 2020

| Ред.бр | **Настани/услуги** | **Број на учесници/жени/мажи** | | **Број на акции** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Крводарителни акции во 2020 | жени | мажи | Во 2020 година се одржаа вкупно 20 крводарителски акции. |
| | | 91 | 782 | |
| 2. | Хуманитарни акции во 2020 | Жени 42 | Мажи 14 | Во 2020 година се организираа вкупно 16 хуманитарни акции. |
| | | 32 | 7 | |
| 3. | Едукации за прва помош за возачи на моторни возила во 2020 | жени | мажи | Во 2020 година се спроведоа 25 курсеви за пружање прва помош на кандидати за возачи |
| | | 162 | 156 | |
| 4. | Обуки за лични асистенти во 2020 | жени | мажи | |
| | | 0 | 0 | |
| 5. | Едукации за прва помош на работно место за вработени во јавни и приватни претпријатија во 2020 | жени | мажи | Во 2020 година се одржа 1 курс за прва помош на работно |
| | | 1 | 1 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | место за вработени во јавни и приватни претпријатија |
| 6. | Едукации за различни целни групи во 2020 | жени | мажи | Во 2020 се реализираа 14 едукациски предавања на различни целни групи со цел да се подигне свеста кај населението. |
| | | 9 | 4 | |

### 4.6 ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево

Број на вработени лица во ЦСР:

-Социјални работници 8

-Психолози 2

-Правници 2

-Економисти 1

-Административни техничари 8

### 4.7 Дневен центар за лица со посебни потреби

Број на вработени лица во Дневен центар за лица со посебни потреби:

-Дефектолог 1

-Медицинска сестра 1

-Готвач 1

### 4.8 АВРМ-Центар за вработување Делчево

Во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија –Центар за вработување-Делчево со дисперзирана канцеларија во Македонска Каменица се вработени вкупно 10 лица од кои:

-5 лица со високо образовение-од кои: 1лице- Раководител на Центар за вработување, 3 лица- Соработници за услуги за поддршка за вработување, 1лице- Соработник за финансиски работи
-4 лица со средно образование од кои: 2лица- референти за шалтерски услуги, 1лице- Виш референт за шалтерски услуги , 1лице- Референт за услуги за поддршка за вработување
-1 лице со основно образование: хигиеничар

Вработените во АВРСМ се администратативни(јавни) службеници,даватели на јавни услуги и помошно технички лица. АВРСМ преку Центрите за вработување работи согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, каде се уредени прашања од областа за размена на трудот, правата и обврските на работодавашите, невработените лица и други лица кои бараат работа. Секој има право на пристап до вработување, без било какви ограничувања, согласно со принципот на еднаков третман, утврден со Законот за работните односи, забранета е дискриминација при вработување по основа на брачен статус, семеен статус, боја на кожа,пол,јазик,политичко или друго убедување, активност во синдикати, национална припадност, социјален статус, инвалидност, возраст,сопственост, општествен или друг статус.

Основни задачи на размената на трудот се:
-евидентирање на работодавачите и нивните потреби
-примање понуди за слободни работни места
-евидентирање на невработените според нивните квалификации,знаења и искуства
-подготоивка на индивидуален акциски план за согледување на способноста и професионалните вештини на неврабнотенитте лица кои бараат работа и утврдување на видот и степенот на потребната помош за вработување
-упатување на невработените лица на обука, преквалификација или доквалификација
-обезбедување посебни услови за вработување на невработените инвалидни лица
-професионална ориентација на невработените заради избор на занимање по пат на тестирање и разговор
-истражување ,следење и анализирање на појавите и движењата на пазарот на трудот-обезбедување права по основ на осигурување во случај на невработеност.

### 4.9 Невладини организации

Развојот на граѓанскиот сектор е од исклучителна важност за фундаменталните демократски плурално изразени вредности на една земја, како и за поттикнување на граѓанската свест за поширок општествен ангажман. Истовремено претставува и афирмација на уставно загарантираните човекови права на слободно здружување заради остварување и заштита на разнородните права и уверувања и на правото

на слободен говор, артикулирани преку принципите на партиципативната демократија. Исто така, граѓаните преку нивните активности придонесуваат за посеопфатен општествен развој и за подобрување на квалитетот и стандардот на животот. Ваквиот придонес на граѓанскиот сектор во промовирањето и градењето на демократската култура и социјалната кохезија на сите општествени нивоа ја поттикнува потребата од соработка меѓу него и општината. Нивното взаемно дејствување може значително да придонесе во развивањето на бројни области во општеството, со цел ефикасно да се одговори на предизвиците и тековните проблеми на земјата. Од своја страна, граѓанските организации, како дел од општествениот систем, се форма преку која јасно се изразува граѓанската иницијатива и преку која се овозможува учеството на граѓаните во севкупните општествени текови. Парлелно, дополнителна корист од понатамошниот развиток на граѓанските организации е стимулирањето на социјалната кохезија и создавањето солиден општествен капитал . Граѓанските организации имаат и висок економскиот потенцијал, кој се изразува преку нивната улога на работодавци, односно да ја вклучуваат во своите активности економски активната популација и со тоа да придонесуваат во намалување на проблемите на невработеноста. Затоа, на Општина Делчево и е од интерес да го поттикнува развојот на граѓанскиот сектор и неговото учество во креирањето на политиките како соодветен баланс и коректив во развојот на демократијата и демократските вредности, но и како конструктивен надополнувач во областите каде општествената заедница има потреба за тоа.

Општина Делчево има  голем број на организации како активисти во граѓанскиот сектор каде како поактивни во делот на социјалното претприемништво и социјалната политика се:

**ЗГ „Бравура Кооператива„** која има за цел да обезбеди одржан развој на програмата за Професионална ориентација на лица со посебни потреби“, група на родители од Делчево заедно со професионалци во областа на попреченоста, го формираа здружението **„Бравура Кооператива“**. Оваа програма постигната високи резултати во практично работно оспособување, разви нови методи и техники за обука и е во чекор со времето за новите предизвици за социјално претприемништво. Од 2007 година отпочна со активности за „Подигање на јавна свест на локалното наслеление и регионот Брегалница“, а истата година ја разви и програмата за „Ран третман и рана интервенција на деца со посебни потреби“ преку директна работа со корисниците од страна на профилиран стручен тим. Прогресот на организацијата се почуствува во 2009 година со имплементација на низа проекти во инклузивната програма за образование , која стана составен дел на програмата за работа на организацијата за да од 2013 година отпочнеме и со програмата „Инклузија преку спорт“. Во рамките на програмите се развиваат проекти кој имаат едноставна цел а тоа е да го подобрат квалитетот на живеење на лицата со посебни потреби во сите свери на опшественото живеење.

**Здружението Регионален центар за застапување** постои од 2006 година и дава  континуирана поддршка на НВО, бизнис заедницата  и општините во делот на стратешкото планирање и обезбедување на финансиски средства за имплементација на истите. Здружението работи и во делот на јакнење на граѓанското општество, лобирање и застапување, унапредување на меѓугранична соработка, едукација и информирање, овозможување на јавноста од регионот на едно место да најдат добро организирани извори на информации за Европската унија, нејзините институции, активности и политики, законски рамки, документи и публикации, програми и процес на донесување на одлуки.

**Невладината организација КХАМ Делчево** е основана  во 1999 година кога беше основана од група ромски активисти заради нивните верувања и ставови за потребата од унапредување на квалитетот на животот на ромската заедница во Делчево. **НВО КХАМ** Делчево е организација која работи на решавање на ромските права пред се во делот на социјалата. КХАМ е активен учесник кој промовира јакнење на граѓанското општество и демократија, како и институционален пристап за промовирање на интеграција на ромското население и другите маргинализирани групи во сите сфери на општеството.

НВО Кхам работи на подигање на образовното ниво и подобрување на социјалната и економската состојба на маргинализираните групи, како и придонес кон зајакнување на капацитетите на невладините организации во Источна Македонија преку соработка со домашни и странски организации и институции.

## V. МАПИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ И НИВНИТЕ ПОТРЕБИ

### 5.1 Состојба со стари лица и пензионери

Бројот на пензионери на територијата на Општина Делчево е вкупно 3589 лица. Од нив 1794 се жени а 1795 мажи.  Пензионерите во Делчево се организирани во Здружение на пензионери Делчево во кое здружение функционира и Клуб на пензионери. Здружението на пензионери реализира активности согласно нивната годишна програма, најчесто преку учество на членовите во организација на настани, културно забавни активности, креативни работилници и друго. Во Делчево нема Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица а најблиску таков дом има во Берово кој е со ограничен капацитет. Голем дел од пензионерите секојдневно се соочуваат со проблеми од типот на осаменост, изолираност, потешкотии во извршувањето на секојдневните активности во домот.

Според последната евиденција на Здружението на пензионери најголем дел од пензионерите во Делчево се со ниски и просечни пензиски примања. 88 стари лица се без семејна грижа а 12 од нив се без никакви примања. Бројките се резултат на масовното иселување на младите од општината, по што во многу семејства се останати само стари, болни и изнемоштени лица, кои неможат за себе да си обезбедат основна социјална и здравствена грижа или неможат сами да ги обавувват основните потреби. Ваквата ситуација, особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини. Општина Делчево не успеа да најде официјален податок колку стари лица од Делчево се сместени во старечките домови низ државата но од неофицијалните податоци со кои располагаат НВО е дека таа бројка е околу 12.

Врз основа на повеќе истражувања и анализи спроведени од Општина Делчево а со помош на НВО и здравствените установи на подрачјето на нашата општина, се констатира следната состојба:

- Најголем дел од старите лица имаат пензија (лична, семејна, земјоделска), која им овозможува услови за скромен живот,
- Поголем дел живеат сами (вдовец/вдовица),
- Речиси сите имаат здравствени проблеми ( 90/% ревматски заболувања, 85% кардиоваскуларни заболувања, 38% дијабет и други заболувања),

- Одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот , набавката и подготовката на храна им претставува течкотија,
- За посета на лекар и набавка на лекарства во најголем дел се зависни од друг,
- Скоро кај сите преовладува чувството на осаменост, непотребност, отфрленост и страв од заболувања.

## 5.2 Состојба на лица со пореченост/лица со посебни потреби

Состојба на лица со попреченост (лица со интелектуална и телесна попреченост, телесни инвалиди, деца со аутизам, деца со говорни недостатоци, деца со ретки болести, лица со комбинирани пречки, лица со штетен вид и слух, лица со тешка и најтешка попреченост, лица со пречки во менталниот развој) во Општина Делчево е следната:

- 46 лица со оштетен вид,
- 52 лица со оштетен слух,
- 67 лица со телесен инвалидитет.

## 5.3 Состојба со невработеноста

Според податоците добиени од АВРСМ Центар за вработување Делчево, состојбата со невработените лица во Општина Делчево е следната:

| | **Вкупно невработени** | | | | До 29 години | | | | Од 30-39 | | | | Од 40 до 49 | | | | Над 50 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | пол | **МК** | **роми** | **дуги** | пол | МК | роми | дуги | пол | МК | роми | дуги | пол | МК | роми | дуги | пол | МК | роми | дуги |
| Високо образование | ж | **61** | **0** | **0** | ж | 26 | 0 | 0 | ж | 21 | 0 | 0 | ж | 6 | 0 | 0 | ж | 8 | 0 | 0 |
| | м | **36** | **0** | **0** | м | 9 | 0 | 0 | м | 17 | 0 | 0 | м | 3 | 0 | 0 | м | 7 | 0 | 0 |
| Вишо образование | ж | **4** | **0** | **0** | ж | 1 | 0 | 0 | ж | 0 | 0 | 0 | ж | 0 | 0 | 0 | ж | 3 | 0 | 0 |
| | м | **10** | **0** | **0** | м | 1 | 0 | 0 | м | 1 | 0 | 0 | м | 1 | 0 | 0 | м | 7 | 0 | 0 |
| Средно образование | ж | **216** | **14** | **1** | ж | 56 | 5 | 0 | ж | 28 | 4 | 1 | ж | 35 | 4 | 0 | ж | 97 | 1 | 0 |
| | м | **292** | **22** | **2** | м | 93 | 8 | 0 | м | 44 | 3 | 0 | м | 33 | 4 | 0 | м | 122 | 7 | 2 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основно образование | ж | **140** | **43** | **4** | ж | 5 | 5 | 1 | ж | 13 | 6 | 1 | ж | 15 | 12 | 2 | ж | 107 | 20 | 0 |
| | м | **176** | **42** | **1** | м | 12 | 2 | 0 | м | 21 | 11 | 0 | м | 22 | 10 | 0 | м | 121 | 19 | 1 |
| магистри | ж | **1** | **0** | **0** | ж | 1 | 0 | 0 | ж | 0 | 0 | 0 | ж | 0 | 0 | 0 | ж | 0 | 0 | 0 |
| | м | **2** | **0** | **0** | м | 1 | 0 | 0 | м | 1 | 0 | 0 | м | 0 | 0 | 0 | м | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | | **938** | **121** | **8** | | 205 | 20 | 1 | | 146 | 24 | 2 | | 115 | 30 | 2 | | 472 | 47 | 3 |
| **ВКУПНО** | | **1067** | | | | **226** | | | | **172** | | | | **142** | | | | **522** | | |

### 5.4 Состојба на лица корисници на права од социјална заштита според евиденцијата во ЈУМЦСР

| **Поднесени и уважени барања во 2020 година по основ:** | **жени/мажи** |
|---|---|
| Социјална парична помош ГМП | Ж 84 |
| | М 22 |
| ПП на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа | Ж 1 |
| | М 1 |
| Право на парична помош за студирање | Ж 0 |
| | М 0 |
| Право на парична помош за згрижувач | Ж 4 |
| | М 2 |
| Паричен надоместок за помош и нега од друго лице | Ж 328 |
| | М 326 |
| Еднократна марична помош и помош во натура | Ж 1 |

| | |
|---|---|
| | М 2 |
| Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот | Ж 4 |
| | М 0 |
| Право на додаток за мобилност | Ж 40 |
| | М 27 |
| Право на додаток за слепило | Ж 19 |
| | М 27 |
| Право на додаток за глувост | Ж 29 |
| | М 23 |
| Парична помош за социјално домување | Ж 40 |
| | М 27 |
| Право на здравствена заштита | Ж 32 |
| | М 26 |
| Право на ПП на самохран родител кој има дете со пречки во развојот | Ж 0 |
| | М 0 |
| Право на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување | Ж 6 |
| | М 0 |
| Условен паричен надоместок | Ж 174 |
| | М 10 |

| | | |
|---|---|---|
| Цивилна инвалиднина | Ж | 0 |
| | М | 3 |
| Детски додаток | Ж | 47 |
| | М | 4 |
| Посебен додаток | Ж | 3 |
| | М | 2 |
| Родителски додаток | Ж | 5 |
| | М | 0 |
| Еднократна парична помош за новороденче | Ж | 95 |
| | М | 0 |
| Право на народна кујна | Ж | 8 |
| | М | 21 |
| **Предмети во 2020 по основ** | | |
| Бракоразводи | | 19 |
| | | |
| Лица со нарушени брачни/семејни односи | | 25 |
| | | |
| Дете на кое му се уредуваат односите со родителот со кој живее и со блиски сродници | Ж | 0 |
| | М | 0 |
| Вонбрачно доверување на дете | Ж | 0 |

| | |
|---|---|
| | М 0 |
| Малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетство | Ж 1 |
| | М 0 |
| Жртва на семејно насилство | Ж 2 |
| | М 0 |
| Сторител на семејно насилство | Ж 0 |
| | М 2 |
| Дете без родители и родителска грижа | Ж 5 |
| | М 4 |
| Дете со пречки во менталниот развој и телесна попреченост | Ж 2 |
| | М 2 |
| Дете во ризик | Ж 0 |
| | М 6 |
| Дете во судир со законот | Ж 0 |
| | М 5 |
| Малолетно лице под старателство | Ж 1 |
| | М 1 |
| Надзор над вршење на родителско право | 6 |
| | |
| Одземање на родителско право | Ж 0 |

| | |
|---|---|
| | М 0 |
| Посвојување | Ж 1 |
| | М 1 |
| Полнолетно лице со пречки во менталниот развој и телесна попреченост | Ж 12 |
| | М 10 |
| Старателство на лице со целосно одземена деловна способност | Ж 2 |
| | М 0 |
| Старателство на лице со делумна одземена деловна способност | Ж 0 |
| | М 1 |
| Старателство на возрасно лице за посебен случај | Ж 2 |
| | М 4 |
| Лице кое употребува, односно злоупотребува дрога и други психотропни супстанци | Ж 1 |
| | М 0 |
| Лице кое злоупотребува алкохол | Ж 0 |
| | М 1 |
| Возрасно лице со изречена алтернативна мерка | Ж 0 |
| | М 0 |
| Возрасно лице по издржување на казна затвор | Ж 0 |
| | М 2 |
| Лице жртва на трговија со луѓе | Ж 0 |

| | |
|---|---|
| | М 0 |
| | Ж 0 |
| Бездомно лице | М 0 |
| | Ж 1 |
| Старо лице сместено во дом за стари лица | М 1 |
| | Ж 0 |
| Лице азилант | М 0 |
| | Ж 0 |
| Носител на згрижувачко семејство | М 0 |
| | Ж 0 |
| Советувалиште за брак и семејство | М 0 |
| | Ж 0 |
| Други услуги што ги обезбедува ЦСР | М 0 |

**5.5 Состојба со број на вработени лица во Општина Делчево , заклучно со 01.12.2020 година ( извор ПИОМ ПЕ Делчево)**

Вкупниот број на вработени лица во Општина Делчево изнесува 3563 од кои 1817 се жени а 1746 се мажи.

## VI. Социјални услуги

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните. Со Законот за социјална заштита се уредени системот и организацијата на социјалната заштита, корисниците на социјална заштита, правата на парична помош и социјалните услуги, постапката за остварување на правата и користење на услугите, вршење на дејноста на социјална заштита,

кадрите, финансирањето и надзорот над вршењето на социјалната заштита и други прашања од значење на вршењето на дејноста на социјалната заштита.

Најважен сегмент за локалната интервенција е воспоставувањето на мрежа на даватели на социјални услуги која ја сочинуваат јавните установи за социјална заштита и други овластени даватели на социјални услуги (здруженија, други домашни и странски правни лица), со кои МТСП, односно општината, склучиле управен договор за давање на социјални услуги, како и физичко лице кои добило дозвола за вршење на работи од социјалната заштита како професионална дејност и склучиле договор со Центарот за социјална работа.

Во изминатиот период Општина Делчево посветено работеше на обезбедувањето на потребните услови кои ќе придонесат кон превенција и надминување на социјалните проблеми на нашите сограѓани, но и за воспоставување на функционални социјални услуги кои ќе се пружаат преку овластени даватели на социјални услуги.

## 6.1 Постоечки социјални услуги

Во изминатиот период Општина Делчево има посветено големо внимание за креирање на услови за обезбедување на социјални услуги и тоа преку спроведување на бројни проекти со поддршка на различни донатори во кои се пилотирани различни активности кои имаат потенцијал да прераснат во социјални услуги. Најмногу активности се реализирани преку учество во Програмата за општинско корисна работа ( во понатамошниот текст ќе секористи скратеницата ОКР), спроведена во соработка и финансиска поддршка со УНДП, АВРМ и МТСП. Преку оваа програма изградени се капацитети кои може да се користат за овозможување на потребните услови за организирање на функционални социјални услуги и лиценцирање на овластени даватели на социјални услуги, согласно регулативите на МТСП. Одзивот на постоечките здруженија на граѓани за лиценцирање на овластени даватели на социјални услуги беше многу мал , но се надеваме дека во иднина ќе се препознае бенефитот за граѓаните од воспоставување на квалитетни социјални услуги за граѓаните во нашата општина. Реализираните активност од оваа програма беа пред се за поддршка на стари и изнемоштени лица, лица со попреченост и образовни асистенти кои им помагаат на учениците со пречки во образовниот процес.

**Користени средства за грижа на стари лица од УНДП/АВРМ преку програмата ОКР и сопствено учество на општината**

| Р.бр. | Година | Износ од УНДП во денари | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| 1. | 2009 | 2.918.400 | 2.918.400 |
| 2. | 2012 | 999.571<br>120.000 | 1.119.571 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | 2013 | 90.000 | 90.000 |
| 4. | 2014 | 120.000<br>72.000 | 192.000 |
| 5. | 2015 | 248.000 | 248.000 |
| 6. | 2016 | 251.100 | 251.100 |
| 7. | 2017 | 363.150 | 363.150 |
| 8. | 2018 | 880.600 | 880.600 |
| 9. | 2019 | 189.000<br>151.200<br>664.400 | 1.004.600 |
| 10. | 2020 | 189.000<br>151.200 | 340.200 |
| | | ВКУПНО | 7.407.621 |

## VII. Нови социјални услуги

Како инвестиција во добростојбата на граѓаните, за следниот период е планиран развој на нови социјални услуги. Со оглед на финансиската состојба и големината на општината, новите услуги се планирани да бидат обезбедени во соработка со донатори и МТСП.

### 7.1 Услуги за информирање и упатување

Покрај постоечката работа на ЦСР, оваа услуга може да се дава и преку овластени даватели на услуги, НВО, општински центар за информирање и упатување и др. форми. На пример неопходно е да се развие посебен сет на информации за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се на евиденцијата на АВРМ. Исто така потребно е да се даде доплнителна помош и поддршка при услугите за информирање и упатување за искористување на правата од социјална и здравствена заштита на ранливите категории на граѓани.

### 7.2 Услуги на стручна помош и поддршка

Долгоочекуваното воведување на услуги на стручна помош и поддршка ќе биде овозможено само преку лиценцирани даватели на услуги кои во соработка со стручните служби во ЦСР ќе работат на случај, ќе овозможат рарешување на комплексни семејни ситуации, работа со жртви на семејно насилство и др.

### 7.3 Услуги на советување

Општината заедно со МТСП е спремна да поддржи работа на стручни граѓански организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик, надвор од она што го обезбедува ЦСР. Центарот за советување во своите рамки би обезбедувал советувалишна работа за деца и младинци во различни социјални ризици ( деца во судир со законот, нарушени семејни односи, жртви на врсничко насилсто и семејно насилство).

### 7.4 Услуги за помош и нега во домот

Општина Делчево има голема потреба од лиценцирање на овластен давател на услуги за помош и нега во домот и тоа за помош и нега на стари и изнемоштени лица, палијативна служба за лица заболени од тешки болести и др. услуги.

### 7.5 Услуги за лична асистенција

Според податоците добиени од мапирањето на проблемите на лицата со попреченост, констатирано е дека во Општина Делчево има недостаток и потреба од услугата лична и персонална асистенција. Оваа услуга ќе придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во опшеството во целина. Развојот на оваа услуга ќе се базира на правилниците и др. подзаконски акти кои го следат Законот за социјална заштита.

### 7.6 Услуги во заедницата

Услугите во зедницата ги опфаќаат услугите во дневните центри и тоа дневни центри за стари лица, дневни центри за лица со посебни потреби, дневни центра на зависници, дневни центри за престој на деца и младинци и други центри за поддршка на живеење во заедницата. Во 2021 година ќе се отпочне со реализациа на проектот за услуги во заедницата насловен како Клуб за социјална инклузија „Интегра“ . Проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра“ е програма за вклучување на 12 лица со посебни потреби од Општина Делчево, во организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација , во рамките на Дневен центар за лица со посебни потреби Делчево. Причините за потребата од проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра“ е отсуството на институционални и други алтернативни форми на услуги за возрасни лица со посебни потреби во Општина Делчево. Проектот е базиран на приоритетите од Акцискиот план за социјална заштита на Општина Делчево во делот за маргинализирани групи .

### 7.7 Услуги за вон - семејна заштита

Живеење со поддршка

- Обезбедување на мали групни домови за лица без родители и родителска грижа над 18 годишна возраст и групни домови за лица со попреченост над 26 годишна возраст,
- Обезбедување на стамбени единици за домување
- Шелтер центар за жртви на семејно насилство

Згрижување во семејство (згрижувачки семејства)

- Иако оваа услуга е управувана од МТСП , општината може да даде значителен придонес во поддршка на кампањата за обезбедување што поголем број на згрижувачки семејства.

Сместување во установа

Идентификувана е потреба од изградба на Дом за стари лица. Бројот на стари лица во Општина Делчево кои живеат сами и се без семејна грижа, од ден во ден е се поголем. Затоа е потребно да се изгради Дом за стари лица кој ќе биде регионален.

## VIII. Социјални ризици

Социјален ризик е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото функционирање на поединецот, семејството и одредена група, која може да дојде во потреба од социјална помош. Со изработка на овој Социјален план, меѓудругото, ги идентификуваме постоечките социјални ризици и правиме приоретизација врз која ќе се заснова идниот развој на социјални услуги.

Според состојбите во општината прикажани погоре, најголеми социјални ризици во Општина Делчево се:

- Старост
- Попреченост
- Сиромаштија
- Деца во судир со законот

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Стари лица | 1.1 над 65 години<br>1.2 изнемоштени стари лица<br>1.3 стари лица со физичка попреченост<br>1.4 стари лица со хронични болести | Физички лица кои ја даваат оваа но не се лиценцирани ниту пак организирани преку овластен давател на услугата | Невработени лица кои посетувале обука за нега и грижа на стари лица | -услуги во домот(помош и нега во домот)<br>-услуги во заедницата (услуги во центри за дневен престој)<br>-услуги на вон-семејна заштита (дом за стари лица) | -лиценцирани даватели на услуги<br>-лични асистенти<br>-физиотерапевти |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.Лица со попреченост | 2.1 лица со интелектуална попреченост<br>2.2 лица со физичка попреченост<br>2.3 лица со аутизам<br>2.4 лица со ретки болести | Услуги во заедницата (Дневен центар за лица со посебни потреби при ЦСР Делчево) | -социјални работници<br>-работни терапевти<br>-специјални едукатори и рехабилитатори | -услуги во домот (лична асистенција)<br>-услуги во заедницата (дневен центар за организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација) | -лични асистенти<br>социјални работници<br>-работни терапевти<br>-специјални едукатори и рехабилитатори |
| 3.Невработени лица и млади невработени | 3.1 активни баратели на работа<br>3.2 долгорочно невработени лица над 50 години<br>3.3 невработени лица со попреченосст евидентирани во АВРМ | Услуги кои ги нуди МТСП преку АВРМ | -стручни цица од АВРМ<br>-стручни лица од ЦСР<br>-НВО | -услуги за информирање и упатување<br>-услуги на советување | -специјални едукатори<br>-волонтери |
| 4.Лица со нарушени семејни односи | 4.1 жртви на семејно насилство<br>4.2 лица во бракоразводни постапки<br>4.3 самохрани родители | Услуги кои ги нуди МТСП преку ЦСР | -стручни лица вработени во ЦСР | -услуги во заедницата (дневни центри )<br>-услуги за вон-семејна грижа (шелтер центар за жртви на семејно насилство) | -психотерапевти<br>-социјални работници<br>-психолози |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | -услуги на стручна помош и поддршка<br><br>-услуги за советување | |
| 5. Деца во судир со законот | 5.1 малолетни деликвенти сторители на кривични дела | Услуги кои ги нуди МТСП преку ЦСР | -стручни лица вработени во ЦСР | услуги во заедницата (дневни центри )<br><br>-услуги за вон-семејна грижа (домови за малолетни деликвенти)<br><br>-услуги на стручна помош и поддршка<br><br>-услуги за советување | -психотерапевти<br><br>-социјални работници<br><br>-психолози |

## IX. Социјална заштита на социјално загрозени семејства и поддршка на НВО

За остварување на социјалната превенција, Општина Делчево презема мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита.

Правото на социјална заштита на социјално загрозените семејства, опфаќа воочување на проблемот кој произлегува од состојба на социјален ризик, укажување на корисникот на можните решенија, услуги и средства за негова заштита, како и за мрежата на установи надлежни за давање на услуги.

Правото на помош на поединецот, подразбира примена на форми на стручна, советодавна или советувалишна работа, со која му се овозможува стекнување на потребни информации, оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на социјалните потенцијал
Правото на помош на семејството, опфаќа стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители - деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот.

За таа цел Општина Делчево издвојува средства за парична помош за физички лица по основ материјална загрозеност , болничко лекување, елементарни непогоди и смртен случај) и средства за спортски клубови и НВО.

| Р.бр | Исплата по основ | Исплата вкупно |
|---|---|---|
| 1. | Еднократна парична помош за физички лица по основ материјална загрозеност , болничко лекување, елементарни непогоди и смртен случај) | **460.000 +персонален данок** |
| 2. | Трансфери за спортски клубови и НВО(спонзорство) | **800.000** |
| 3. | Трансфери за правни лица , здруженија на граѓани и други НВО(спонзорство) | **400.000** |
| | ВКУПНО: | **1.660.000 денари** |

**X.Парична помош и стимулативни мерки за деца, ученици и студенти**

Општина Делчево обезбедува парична помош за секое новороденче во општината, стипендии за учениците и студентите кои потекнуваат од социјално загрозени семејства , парични награди за ученици роми, наградно патување за најдобрите ученици, и паричен подарок за секое прваче.

| Р.бр | Исплата по основ | Бр. на лица | Единечен износ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Парична помош за секое новороденче во општината | 116 | 3.000 ден. | **350.000 ден**.+персонален данок |
| 2. | Парична помош за првото новороденче во 2021 година | 1 | 10.000 ден. | **10.000 ден** +персонален данок |
| 3. | Ученички стипендии за учебна 2021/22 | 10 ( ученици кои се од социјално ранливи семејства) | 1.000 ден. x9 месеци | **90.000 ден.** + персонален данок |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 8 (ученици кои постигнале значителни резултати во учењето) | 1.500 ден. х9 месеци | **108.000 ден.+**<br>персонален данок |
| 4. | Студентски стипендии за студиска 2021/22 | 6 ( студенти кои се од социјално ранливи семејства<br><br>4 (студенти кои постигнале значителни резултати во студирањето) | 2.000 ден.х9 месеци<br><br>3.500 ден.х9 месеци | **108.000 ден.**+ персонален данок<br><br>**126.000 ден.**+ персонален данок |
| 5. | Стипендии за првенците на генерацијата 2021/2022 | 3 (првенци од двете ООУ и СОУ) | 2.000 ден. х9 месеци<br>2020/2021<br>- 4 месеци во 2020 година<br>- 5 месеци во2021 година | **54.000 ден**.+персонален данок |
| 6. | Наградно патување за најдобрите ученици од СОУ „М.М.Брицо„ за 2021 | 10 | 30.000 ден. | **До 300.000 ден. /360.000 со ДДВ** |
| 7. | Парична награда за најдобриот ромски ученик | 1 | 10.000 ден. | **10.000 ден**.+персонален данок |
| 8. | Награда за ученици кои постигнале значајни резултати | | | **60.000 ден. + персонален данок** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на државни и меѓународни натпревари | | | |
| 9. | Паричен подарок за секое прваче во учебната 2021/2022 | 109 | 3.000 | **327.000 ден+персонален** |
| | | | **ВКУПНО:** | **1542000+ даноци** |

## XI.Општинско корисна работа и јавни работи

Програмата Општинско –корисна работа има за цел :

**-Да им помогне и да обезбеди социјална вклученост** на лицата кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот преку работно ангажирање со скратено работно време заради стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазар на труд
**-Да ја зголеми понудата на општински услуги** согласно потребите на населението а кои се во надлежност на локалната самоуправа
**-Во сезонскиот период** кога обемот на работните задачи за одржување на јавните зелени површини и јавните прометни површини (улици) е зголемен, подигање на нови и одржување на постоечките зелните површини во општината, како и изведување на активности на чистење на урбани и рурални средини,се јавува потреба од ангажирање на дополнителен број на работници во Јавното комунално претпријатие а кои се невработени и тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот.

**ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА И ЈАВНИ РАБОТИ ЗА 2021/2022 година**

| Р.бр | Исплата по основ | Бр. на ангажирани лица | Единечен износ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ангажирани невработени лица во Општинско корисна работа во 2021/22 | 20 | 9.000 ден.х 20 лица х 6 месеци | **1.080.000 ден.**<br>од кои Општина Делчево обезбедува **185.760 денари** |
| 2. | Ангажирани невработени лица по основ изведување на јавни работи | 40 | 7.000 денари х 40 лица х 8 месеци | **2.240.000 денари** +персонален данок и колективно осигурување |

## XII. ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОРОНА ВИРУС –COVID 19 НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

| | АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРЕН | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД | БУЏЕТ-МКД |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ДЕЗИНФЕКЦИЈА | | | 206.000,00 |
| 1.1. | Дезинфекција на работни простории во<br>Општина Делчево,ул.Светозар Марковиќ бр 1<br>Општина Делчево,ул.М.М.Брицо бр.40<br>ТППЕ ул.Светозар Марковиќ бб | ТППЕ и Комунални редари | Континуирано | 30.000,00 |
| 1.2. | Дезинфекција на улици , градски пазар и јавни површини | ТППЕ | Континуирано | 60.000,00 |
| 1.3. | Дезинфеција на влезови на банки,училишта, маркети,мали продажни продавници,бутици,продавници во Централно градско подрачје | ТППЕ и Комунални редари | Континуирано | 15.000,00 |
| 1.4 | Набавка на средства за дезинфекција на раце (гелови) | Самостоен референт за безбедност и здравје при работа | По потреба од потрошени количини | 60.000,00 |
| 1.5 | Набавка на ракавици и скафандери | Самостоен референт за безбедност и здравје при работа | По потреба од потрошени количини | 15.000,00 |
| 1.6 | Набавка и поставување на канистри за дезинфикциони средства и поставување на заштитници во Општински Центар за услуги | Самостоен референт за безбедност и здравје при работа | По потреба од потрошени количини | 20.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.7 | Набавка на рачни пумпи за дезинфекција | Самостоен референт за безбедност и здравје при работа | По потреба | 5*1.200=6.000,00 |
| **2** | **НАБАВКА НА ПАКЕТИ ЗА ХИГИЕНА И ХРАНА ЗА СЕМЕЈСТВА СО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК** | | | **90.000,00** |
| 2.1 | Набавка на пакети за хигиена за семејства со социјален ризик | Соработник за едношалтерско работење | | 30.000,00 |
| 2.2 | Набавка на пакети за храна за семејства од социјален ризик | Соработник за едношалетрско работење | | 60.000,00 |
| | | | | |

XIII.ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од проекти/донации и средства од Буџетот на Општина Делчево .

За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2021 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Делчево.

XIV.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлагач на Програмата е Градоначалникот на Општина Делчево.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за јавни дејности при Општина Делчево, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Советот за социјална заштита на Општина Делчево.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Бр. 09-811/1
28.04.2021 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Драган Маневски, с.р.

**12.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП1 21-79 од 22.02.2021 година, Советот на Општина Делчево на својата 52.седница, одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

О Д Л У К А

**за парична помош по барање**

**на Тања Механџиски од Делчево**

Член 1

Се одобрува парична помош по барање на **Тања Механџиски** од Делчево во износ од 30.000 денари.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за надомест на погребални трошоци за нејзиниот покен татко.Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2021 година на име **Тања Механџиски,** со ЕМБГ 2304979497519, трансакциска сметка 240167016743147 УниБанка-АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 –812 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**28 .04. 2021 година** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

**13.**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП1 21-97 од 03.03.2021 година, Советот на Општина Делчево на својата 52.седница, одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

О Д Л У К А

**за парична помош по барање**

**на Стојанка Тодоровска од Делчево**

Член 1

Се одобрува парична помош по барање на **Стојанка Тодоровска** од Делчево во износ од 30.000 денари.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за надомест на погребални трошоци за нејзиниот покоен сопруг.Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2021 година на име **Стојанка Тодоровска** со ЕМБГ 1206959497509, трансакциска сметка 200001355690519 Стопанска банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 –813/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**28 .04. 2021 година** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

**14.**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП1 21-164 од 13.04.2021 година, Советот на Општина Делчево на својата 52.седница, одржана на ден 28. 04.2021 година, донесе

О Д Л У К А

**за парична помош по барање**

**на Влатко Цинцовски од Делчево**

Член 1

Се одобрува парична помош по барање на **Влатко Цинцовски** од Делчево во износ од 30.000 денари.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за надомест на погребални трошоци за неговата покојна сопруга.Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2021 година на име **Влатко Цинцовски,** со ЕМБГ 2109986490042, трансакциска сметка 300007050441835 Комерцијална банка-АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 –814 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**28.04. 2021 година** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

15. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 22-а од Законот за спортот Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 98/19 и број 244/19), Советот на Општина Делчево на својата 52. седница, одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
### За одобрување на финансиска поддршка

Член 1

*Се одобруваат финансиски средства* во износ од 30.000,оо денари на **Кик-боксинг клуб АС Делчево**.

Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2021 година.

Член 2

Ф*инансиските средства* како поддршка на Кик-боксинг клуб АС Делчево се доделуваат врз основа на поднесено барање бр.09-сл.од 22.04.2021 година.

Средствата ќе бидат уплатени на жиро-сметка ж-сметка 200000035985052 при Стопанска Банка АД Скопје на име на здружението.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 - 815/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.04.2021 година Претседател

Делчево Драган Маневски,с.р.

16.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево “ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а согласно Известувањето бр.08-506/2 од 01.04.2021 година на ООУ„Св.Климент Охридски“ Делчево и Известувањето бр.08-507/2 од 05.04.2021 година на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево, Советот на Општина Делчево на својата 52. седница, одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување награда на најдобрите ученици од ромска националност во општинските основни училишта

### Член 1

По повод Светскиот ден на Ромите 8-ми Април се доделува парична наградата на најдобрите ученици од ромска националност во општинските основни училишта и тоа на:

- Селина Беќирова ученичка во шестто одделение при ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево и
- Јасин Мемедов ученик во деветто одделение при ООУ „Ванчо Прке“ Делчево.

### Член 2

Висината на паричната награда изнесува 5.000 денари за секој ученик и истата ќе се исплати од Буџетот на општината за 2021 година.

### Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 - 816/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.04.2021 година — Претседател,

Делчево — Драган Маневски,с.р.

17.

Врз основа на член 6 од Законот за комунални такси((„Сл.весник на РМ“ бр.61/2004, 64/2005, 92/2007, 123/12, 154/15 и 192/15 и 23/2016), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево (,,Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/13 2/2019, 1/2021),), Советот на Општина Делчево на својата 52.седница, одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

ОДЛУКА

За дополнување на Одлуката за определување на населени места во општина Делчево во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување

Член 1

Со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за определување на населените места во општина Делчево кои се ослободуваат од такса за јавно осветлување (Одлука бр.09-390/1 од 26.02.2019 година).

Дополнувањето се однесува на член 1, каде во членот 1 став 1, алинеја 10, по зборовите „с. Бигла“ се додаваат зборовите „**освен Бумбарска маала**“.

Во членот 1 став 1, алинеја 11, по зборовите „с. Драмче“ се додаваат зборовите „**освен Димовска маала“.**

Член 2

Согласно член 1 на оваа Одлука, Трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија (ЕВН Македонија), **треба да ги задолжи** обврзниците кои живеат во Бумбарска маала, с. Бигла и Димовска маала во с. Драмче со комунална такса за јавно осветлување.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од осмиот ден на објавувањето во ,,Сл.гласник на Општина Делчево,,.

Број 09-817/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.04.2021 година — Претседател,

Делчево — Драган Маневски,с.р.

18.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22, точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 4, став 2 и член 9 од Законот за заштита и спасување (“Сл. весник на Република Македонија” бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 од 10.06.2004 година, Советот на Општина Делчево, на својата 52.редовна седница, одржана на 28. 04.2021 година, донесе

ПРОГРАМА

за работа на Соработникот за превенција, заштита и спасување, Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР, Одделение за локален економски развој, превенција, заштита и спасување при општина Делчево за 2021 година

1.Вовед

Соработникот за превенција заштита и спасување , Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР, Одделение за локален економски развој, превенција, заштита и спасување при општина Делчево, за 2021 година ќе спроведува мерки и активности согласно законските норми предвидени за сегментите кои се од областа на превенција, заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од елементарни и други непогоди, како и мерки и активности кои редовно се спроведуваат, а со цел превентивно делување заради заштита на животот и здравјето на населението на територијата на Општината. Во оваа Програма се опфатени мерките и активностите кои Одделението во соработка со другите надлежни субјекти ќе ги спроведе, како и финансиската рамка која е потребна за остварување на истите мерки за 2021 година, Согласно Законот за заштита и спасување “Сл. весник на Република Мкедонија ” бр.36/04 , 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 како и Процената на загрозеност од сите ризици.

2.Мерки и активности по проблематики со финансиска рамка

а) Заштита и справување со пожари

Во насока на превенција заштита и справување од пожари првично дејствува ТППЕ Делчево, кое нешто е регулирано во Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникари на РМ.Во тек е процес за ревитализирање на ,,Просторните сили,, при општина Делчево, кои како единица се регулирани во Законот за заштита и спасување и мометално бројат 25 припадници. За дооспособување на овие сили и нивно ставање во потполна функција, потребно е превземање на неколку мерки и активности за кои се потребни материјално-финансиски средства од Буџетот на општина Делчево.

Финансиска рамка за,,просторни сили,,:

-10 работни одела, 1500ден.по 1 комплет(вкупно 15000)

-ПП посебна дообука во ТППЕ Делчево за 25 лица, по 2 наставни часа за 1 лице 300 денари,или (вкупно **5000** денари)

-4 напртњачи за гаснење на пожар,1 број е 6000 ден.(вкупно **24.000**)

Предвидливите трошоци се во висина од 44.000 денари.

За следниве ставки се предвидени останатите 170.500денари.

-Исплата за ангажирање на лице од Просторни сили при ЕЛС Делчево;

-Снабдување со храна и вода за пиење на ангажирани лица од Просторни сили;

-Непредвидени трошоци.

Вкупната варијабилна сума е **106.000 денари,** потребни да бидат предвидени во Буџетот за 2021 година, за ,,просторните сили на ЕЛС Делчево.

- Рок: Јануари-Ноември 2021 година

б) Заштита и справување со поплави:

За справување со овој вид на елементарна непогода, а со цел заштита на животот и здравјето на граѓаните на Општината и нивните материјални добра, Одделението има изготвено соодветен ,,Оперативен план за заштита од поплави,, со кој се предвидени, целите, мерките и активностите, критичните точки, ресурсите, како и потребните буџетски средства за остварување на Програмата во овој дел.

| Р.бр. | Активност | Период на спроведување | Буџет во МКД | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Таргетирање на нови критични точки и постапување согласно тригодишниот акциски план за заштита од поплави | Јануари-Декември 2021 | 10 000,00 | |
| 2 | Постапување по акцискиот план | Јануари-Декември 2021 | 100 000,00 | |
| 3 | Обука на просторните сили за справување со поплави | Јануари-Декември 2021 | 7 500,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Поставување на вреќи со песок на критичните точки | Јануари-Декември 2021 | 30 000,00 | Транспорт и дневни трошоци |
| 5 | Известување на населението кое е изложено на директен удар на поплавниот бран | Јануари-Декември 2021 | 12 000,00 | |
| 6 | Набавка на неопходна опрема(вреќи, песок, лопати,моторни пили) | Јануари-<br><br>Декември 2021 | 15 000,00 | |
| 7 | Извлекување и спасување на луѓе, стока и други добра | Јануари-<br><br>Декември 2021 | 100 000,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Асанација на теренот | Јануари-<br><br>Декември 2021 | 60 000,00 | |
| 9 | Дезинфекција и дератизација | Јануари-<br><br>Декември 2021 | 50 000,00 | |
| 10 | ВКУПНО | 2021 | 384,500,00 | |

в) Општи мерки за заштита на населението од заразни болести:

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се донесува согласно член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. Весник на Р.М. 66/2004; 139/2008 и 99/2009) и член 22, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. 5/2002).

Со Програмата се опфатени следните општи мерки за заштита на населението од заразни болести:

1.Обезбедување на безбедна вода за пиење

2.Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби

3.Обезбедување на санитарно-хигиенски услови во објектите за храна

4.Обезбедување на санитарно-хигиенски услови во училиштата и предучилишните установи

5.Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин на кој ќе се овозможи заштита на човековата околина од загадување

6.Вршење на превентивна дезифекција, дезинсекција и дератизација во населените места и други јавни површини

7.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

**Мерките се спроведуваат етапно, во текот на целата календарска година и според утврдената динамика, а финансирањето е со средства од Буџетот на општина Делчево.**

**а) Следење на квалитетот и здравствената и справност на водите за пиење од селски водоводи и други алтернативни јавни водоснабдителни објекти**

*Хемиски и бактериолошки анализи..........=108 000 денари

**б) Загаденост на р.Брегалница од градската канализација и процена на ризик**

*Хемиски и бактериолошки анализи................6х2000=**12 000** денари

**в) Надзор над детската градинка во општина Делчево**

*Теренски увиди со анкета и изготвување на Извештај........**4 000** денари

**г) Превентивна дезинсекција ( Уништување на комарци)**

- Три теристички третирања на комарци =**120 000** денари
- Авионско третирање на комарци на 1000 хектари =**330 000** денари

**д) Дератизација на градска канализација и депонија за комунален отпад = 69 600** денари

(80кг препарат за канализација и 7кг за депонија=87кг.х800ден=**69 600** ден)

| **Вид на активности** | **Цена на активност во МКД** |
|---|---|
| Вода за пиење | 108 000 |
| р.Брегалница | 12 000 |
| Надзор над градинка | 4 000 |
| Третирање на комарци | 120 000 |
| Општа дератизација | 69 600 |
| **ВКУПНО** | **313 000** |

Доколку се прифати и авионско прскање против комарци, сроведувањето на Програмата ке ја чини Општината *643 .600* ден.

За справување со пандемијата од COVID-19 ќе се обезбедат вонредни средства од:

-пренамена од Буџетот на Општината.

-донаторска сметка.

Според дадената проекција, за спроведување на предвидената ПРОГРАМА за 2021 година ќе бидат потребни вкупно 1,028,000 *д*енари (не се вклучени вонредните средства за справување со коронавирус).

Бр.09—818/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.04. 2021 година Претседател,

Д е л ч е в о Драган Маневски,с.р.

19.Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и Советот на Општина Делчево, на својата 52.редовна седница, одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Годишниот Извештај за реализираните

активности за 2020 година на Општинскиот совет за безбедноста

на сообраќајот на патиштата

1. Се усвојува Годишниот Извештај за реализираните активности на Општинскиот совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата за 2019 година .
2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09-819 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.04.2021 год. Претседател,

Д е л ч е в о Драган Маневски,с.р.

20.

Согласно член 371 и 374 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата како и согласно член 3 од Деловникот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, а со цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Делчево, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, на својата петта седница одржана на 20.04.2021 година донесе:

## ПРЕДЛОГ ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ДЕЛЧЕВО ЗА 2021 ГОДИНА

Годишната програма за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2021 година е изработена врз основа на законските надлежности на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, Деловникот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и Одлуката за формирање на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и истата е во функција на реализација на нејзините цели, визија и мисија.

Годишната програма на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево предвидува реализација на активности за унапредување на сообраќајното воспитување и образование во училиштата и спроведување на сообраќајно воспитни акции и манифестации, активности за унапредување на безбедноста на патиштата во општина Делчево, активности за сообраќајно техничко уредување во сообраќајот, активности за заштита на ранливите категории на учесници во сообраќајот, превентивно – промотивни активности во безбедноста во сообраќајот,активности за научно-истражувачки работи од областа на безбедноста во сообраќајот на патиштата и други активности поврзани со безбедноста на сообраќајот во општина Делчево.

| Бр. | Активности | Цел и опис на активност | Реализација | Период | Очекувани резултати | Очекувани Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Организирање и одржување на седниците на Советот за безбедност во сообраќајот на патиштата Делчево како и одржување на состаноци на работните групи кои се во состав на Советот | Реализација на програмските активности на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата како и на работните групи предвидени за тековната 2021 година | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, други засегнати страни | Во текот на 2021 година, во зависност од потребите за реализација на активностите предвидени со годишната програма | Подигнување на свеста и поголеми знаења за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата | / |
| 2. | Изработка на акциски план за превземање на активности за реализација на мерки за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата во општина Делчево | Дефинирање на мерки, одредување на надлежни органи за извршување на активноста, индикатори за оцена на ефикасноста на мерката и проектиран буџет за реализација на мерката | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево | Тековно во 2021 година | Долгорочно и трајно подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата | / |
| 3. | Кампања на тема: „Опасни места во сообраќајот во општина Делчево“ | Утврдување на критериуми за нивна идентификација и класификација на опасните места<br><br>Дистрибуција на сообраќајни едукативни материјали на утврдените места | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, МВР, Македонија пат, ЕЛС Делчево, ДЗС, ЦУК | Април-Октомври 2021 година | Споделување на искуства за подобрување на безбедноста во сообраќајот | 30 000 денари |
| 4. | Одбележување на светски ден на сеќавање на жртви од сообраќајни незгоди | Интензивни медиумски настапи со цел подигање на јавната свест за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Делчево | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и ЕЛС Делчево | Октомври-Ноември 2021 година | Унапредување на безбедноста во сообраќајот преку подигнување на јавната свест | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Кампања на тема: „Безбедно користење на велосипедот како превозно средство | Дистрибуција на сообраќајно едукативни материјали (флаери) за подигање на јавната свест | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, невладини организации, МВР, ЕЛС Делчево, Здравствен дом „Гоце Делчев“ Делчево | Април – Октомври 2021 година | Зголемена свест за користење на велосипедот како превозно средство | 10 000 денари |
| 6. | Кампања на тема: „Безбедно управување со трактори и земјоделска механизација “ | Зголемување на свеста кај корисниците на трактори и земјоделска механизација за безбедно учество во сообраќајот | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, ЕЛС Делчево, и месни заедници | Април - Октомври 2021 година | Безбедно учество во сообраќајот | 10 000 денари |
| 7. | Кампања на тема: „Брзината убива – вози одговорно“ | Зголемување на свеста на учесниците во сооб. за последиците од неодговорно учество во сообраќајот<br><br>Дистрибуција на сообраќајни едукативни материјали на локации каде се случиле сообраќајни незгоди и на локации каде има реакции од страна на жителите за непочитување на брзината на движење | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, МВР и ЕЛС Делчево | Тековно 2021 | Безбедно учество во сообраќајот | 10 000 денари |
| 8. | Сообраќајно едукативни манифестации во рамки на | Организација на активности од натпреварувачки карактер со цел сообраќајна едукација на учениците | Општински совет за безбедност на сообраќајот на | Април - Мај 2021 година | Стекнување на знаења од областа на | 40 000 денари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | училиштата од натпреварувачки карактер „Детски семафор“ и „Сообраќајно техничка култура на младите“ | | патиштата Делчево, основни и средни училишта, МВР И ЕЛС Делчево | | сообраќајот преку игра | |
| 9. | Кампања на тема: „Стоп за уравување на моторно возило под дејство на алкохол и психотопни супстанци“ | Намалување на појавата на управување на моторни возила под дејство на алкохол и психотропни супстанци<br><br>Дистрибуција на сообраќајни едукативни материјали | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, ЕЛС Делчево, Здравствен дом „Гоце Делчев“ Делчево и МВР | Тековно 2021 година | Намален број на учесници во сообраќајот под дејство на алкохол и психотропни супстанци | 10 000 денари |
| 10. | Кампања на тема: „Стоп за користење на паметен телефон додека си учесник во сообраќајот“ | Зголемување на свеста кај учесниците во сообраќајот за намалување на употребата на паметен телефон додека се учесници во сообраќај | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, МВР, ЕЛС Делчево | Тековно 2021 година | Намалување на употребата на паметен телефон кај сите учесници во сообраќајот | 10 000 денари |
| 11. | Кампања на тема: „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“ | Запознавање на најмладите ученици во сообраќајот – учениците со сообраќајните правила и прописи за нивно безбедно учество во сообраќајот | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, ЕЛС Делчево, МВР, детска градинка „Весели Цветови“, основни и средни училишта | Почеток на учебна 2021/2022 година | Стекнување на знаења од областа на сообраќајот | 15 000 денари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Кампања на тема: „Безбедни возила во патниот сообраќај“ | Зголемување на свеста на учесниците во сооб. за последиците од учество во сообраќајот со технички неисправни возила | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, МВР, ЕЛС Делчево и станици за технички преглед на возила | Тековно 2021 | Безбедно учество во сообраќајот | 10 000 денари |

Финансиските средства за организација и реализација на активностите од Годишната програма за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2021 година, ќе бидат финансирани, односно обезбедени од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, а согласно Програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2021 година.

Бр.09-820/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.04.2021 Претседател,

Делчево Драган Маневски

21.

Врз основа на член 94 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19“), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на уредување на висината за трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденоста („Службен весник на РМ бр.193/2016 и 72/2018“), член 59 став 13 од Законот за градење („Службен весник на РМ бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и Службен весник на РСМ бр.244/2019 и 18/2020“), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002“), член 15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.15/13 и 2/2019), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

## ОДЛУКА

за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на решение за реконструкција на санитарни јазли во Основното училште „Ванчо Прке“ во Делчево

Член 1

Со оваа Одлука се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на КП бр.6684/1 КО Делчево инвеститорот Општина Делчево, за добивање на решение за реконструкција на санитарни јазли во Основното училиште „Ванчо Прке“ во Делчево, согласно Основниот проект за реконструкција на санитарни јазли во ОУ „Ванчо Прќе“ во Делчево со тех.бр.02-03-2021 изработен од ДПТУ ГП АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Делчево.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр.09- 821/1 | ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2021 година | на Советот на Општина Делчево
Делчево | Драган Маневски,с.р.

22.

Врз основа на член 94 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19“), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на уредување на висината за трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденоста („Службен весник на РМ бр.193/2016 и 72/2018“), член 59 став 13 од Законот за градење („Службен весник на РМ бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и Службен весник на РСМ бр.244/2019 и 18/2020“), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002“), член 15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.15/13 и 2/2019), Советот на Општина Делчево на 52. седница одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

## ОДЛУКА

за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на решение за адаптација со пренамена на поткровен простор во Основното училште „Св.Климент Охридски“ во Делчево

Член 1

Со оваа Одлука се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на КП бр.7055/2 КО Делчево инвеститорот Општина Делчево, за добивање на решение за адаптација со пренамена на поткровен простор во Основното училиште „Св.Климент Охридски“ во Делчево, согласно Основниот проект за адаптација со пренамена на поткровен простор во ОУ „Ванчо Прќе“ во Делчево со тех.бр.01-04-2021 изработен од ДПТУ ГП АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Делчево.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09- 822/1** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**28.04.2021 година** **на Советот на Општина Делчево**

**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на СРМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Сл.весник на СРМ бр.64/2005, 04/2008, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 167/16), Советот на Општина Делчево на педесет и втората седница одржана на 28.04.2021 година, донесе

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево**

**за 2021 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Н10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 0 | -75.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | -36.000 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на дру | 0 | 0 | 60.800 | 0 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | 0 | 20.200 | 0 | 0 |
| **Н20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 0 | -90.000 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 0 | -45.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | -36.000 | 0 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 171.000 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Бр.09-823/1.
28.04.2021

Претседател на Советот на Општината
**Драган Маневски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

24. Врз основа на член 80 од Законот за градење ( „Сл. весник на РМ“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12/ 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16) член 36 од Законот за локална самоуправа ( „Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 21 од Статутот на општина Делчево Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.15/13 2/2019, 1/2021), Советот на општина Делчево на 52. Седница, одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

## Програма
## за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево

### 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Програма се утврдува потребата и се уредуваат стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на градот Делчево и постапката за давање согласност за поставување на урбаната опрема.

Член2

Одредбите на оваа одлука не се однесуваат на предвидените градежни парцели согласно Детален урбанистички план (ДУП) каде организација и користење на просторот се врши согласно планската и проектната документација (пазар, училишта, автобуска станица, трговски центри, индустриски објекти, станбени и други јавни објекти).

Член 3

Одделни изрази употребени во оваа Одлука се:

-Урбана опрема преставува опрема која се поставува на градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Под урбана опрема се смета опрема за продажба на: билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња. сладолед потоа телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување на објекти на органите на државната управа и резиденцијалните објекти, јавни санитарни јазли, тераси со и без настрешнци, покриени и непокриени шанкови, платформи за јавни манифестации, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, жардињери за цвеќе, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

-Јавни пешачки површини се плоштади, тротоари, пешачки улици и други површини наменети за пешачко движење предвидени со ДУП на град Делчево.

-Слободна проодна површина е дел од јавна пешачка површина наменета исклучиво за пешачко движење и изнесува минимум 150 см.

## 2.ОСНОВНИ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Член 4

Урбаната опрема, со својот изглед и форма не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Член 5

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и треба да се обезбеди непречен пристап до истата односно да се обезбедат мин 120-150 см слободна проодна површина.

Член 6

На јавните пешачки површини не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедносното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп. Околу поставената урбана опрема не смеат да се преземаат градежни активности, ниту да се поставуваат платформи, рампи или слично.

Член 7

Со поставување на урбана опрема не смее да се нарушува изгледот на околниот простор, да се попречува користење на јавните пешачки површини или да се оневозможи пристап до соседните згради.

Член 8

При поставување на урбана опрема на јавни пешачки површини минималната слободна проодна површина е дел од јавна пешачка површина наменета исклучиво за пешачко движење и изнесува минимум 150 см

Член 9

Урбана опрема може да се постави во пасивната пешачка зона од јавни пешачки површини кои се со минимална ширина од 3,50 м до 4,00 м за киоск или од 1,50 м ширина за поставување на корпи за отпад или жардињери. Пасивната пешачка површина се предвдува на минимално растојание од 0,80 м од рабникот на коловозот.

Член 10

Широчината на слободна проодна површина се мери од ивицата на коловозот .

Член 11

Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, така да на раскрсници може да се постави урбана опрема на минимум 10 м од пресечната точка на двете регулациони линии.

Член 12

Во коридорот на Слободна проодна површина минималната слободна височина при поставување на рекламни понао, информативни табли , настрешници и тенди да изнесува минимум 3,20 м , а чадори за сонце минимум 2,50 м.

Член 13

Времетраењето на користењето на јавната пешачка површина може да биде: дневно, месечно, сезонско за неколку месеци, годишно и повеќе годишно но најмногу за период од 5 години.

Член 14

Поставувањето на урбанта опрема се врши на начин што нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин без оштетување на подлогата

Член 15

После завршувањето на рокот за користење на урбаната опрема корисникот е должен да ја врати површината во првобитна состојба..

3. ПОДЕТАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Член 16

Покрај основните услови од точка 2 на оваа Програма се утврдуваат и подетални стандарди за одделни елементи за урбана опрема и тоа:

1. Самостоечки рекламни паноа и Информативни табли

-Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки зони и зелените површини во профилот на сообраќајницата, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

-Информативните табли служат за огласување, рекламирање и имформирање на граѓаните, а можат да бидат за јавна намена или за комерцијална намена;

-Поставувањето на информативните табли не треба да го попречува нормалното одвивање на пешачкиот и колскиот сообраќај;

- информативните табли може да се поставуваат на следниот начин:

а) прицврстени табли на објекти за огласување на културно уметнички, спортски и други манифестации;

б) слободно стоечки, преносливи и други табли-паноа од рекламен карактер и друга содржина;

- Огласите и другите текстуални објави може да се истакнуваат и на рекламни витрини, рекламни столбови и сл.

- Во случај кога информативните табли и рекламните паноа се поголеми и сложени ќе бидат изработени дополнителни графички прикази и ќе бидат доставени на совет за одобрување

- **Самостоечки рекламни паноа и Информативни табли (опфатени во прилог 1 и 2)**

- Потребна документација :

- Извод од Програма
- Ревидиран основен проект (содржина и фази во зависност од комплексноста на рекламното пано или информативната табла)
- И други документи дефинирани во Барањето.

Прилог: скица

**2.Клупи, фонтани и корпи за отпадоци**

-Клупите, корпи за отпадоци, фонтаните и чешмите се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуска станица, во паркови и на други локации согласно елаборатот за поставување на урбана опрема;

-Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии 1,00 м х1,20 м за луѓето со хендикеп;

-Корпи за отпадоци можат да се постават како слободно стоечки или прикачени на фасади на објекти или на столбови за светилки.

- **Клупи (опфатени во прилог 1 и 2)**
- **Корпи за отпадоци (опфатени во прилог 1 и 2)**
- **Фонтани (опфатени во прилог 3)**

- Потребна документација :

- Извод од Програма
- Основен проект (со потребни фази и ревизија сограсно сложеноста) - Ситуација со обележана локација на урбаната опрема со размер и прилог од моделот на опремата.
- И други документи дефинирани во Барањето.

- Во случај кога фонтаните се поголеми и сложени ќе бидат изработени дополнителни графички прикази и ќе бидат доставени на совет за одобрување

Прилог: скица

3.Бини (платформи)

- Бини (платформи) се поставуваат за време на одржување на спортски, културно уметнички манифестации, туристички, политички и сл.

-Поставувањето и отстранувањето на истите треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата за временски период од 1 до 15 дена.

-Бините се поставуваат на плоштади и на површини кои можат да примат поголема група на граѓани.

-Предвидени локации за поставување на бини за одржување на културно- уметнички манифестации на територијата на општината се :

**- Бини (платформи) - опфатени во прилог 4**

- Потребна документација :

- Извод од Програма
- Основен проект ( содржина и фази во зависност од комплексноста на бината-платформата ,(опремата) со атест или ревизија )
- И други документи дефинирани во Барањето.

- Во случај кога бините (платформите) се поголеми и сложени ќе бидат изработени дополнителни графички прикази и ќе бидат доставени на совет за одобрување

Прилог: скица

4. Опрема за забава на деца и детски игралишта

Опрема за забава за деца се поставува по повод државни и верски празници на места каде има доволен простор за тоа, во близина на паркинг простор, а јавната површина се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

**- Опрема за забава на деца и детски игралишта (опфатени во прилог 4)**

- Потребна документација :

- Извод од Програма
- Ревидиран основен проект ( содржина и фази во зависност од комплексноста на опремата и инсталациите)
- И други документи дефинирани во Барањето.

- Во случај кога опремата за забава на деца и детски игралишта се поголеми и сложени ќе бидат изработени дополнителни графички прикази и ќе бидат доставени на совет за одобрување

Прилог: скица

**5.Опрема за спортско рекреативни активности**

Опремата за спорт и реквизити за детските игралишта се поставуваат на градежно изградено земјиште за јавна намена (парковско, заштитно зеленило и зеленило за спорт и рекреација).

**- Опрема за спортско рекреативни активности (опфатени во прилог 5)**

- Потребна документација :
  - Извод од Програма
  - Ситуација со обележана локација на урбаната опрема со размер.
  - Основен проект ( содржина и фази во зависност од комплексноста на опремата и инсталациите)
  - И други документи дефинирани во Барањето.

Прилог: скица

4. ПОСТАПКА И СОГЛАСНОСТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Член 17

Урбана опрема се поставува по претходно добиено одобрение за поставуање на урбана опрема кое го издава Градоначалникот на општината.

Член 18

Урбана опрема за јавна употреба се поставува врз основа на идеен и одобрен елаборат. Елаборатот го изготвува Општината или овластени институции врз основа на стандардите утврдени со оваа Програма.

Член19

Урбана опрема за комерцијална намена се поставува врз основа на изготвен и одобрен Основен проект .Основниот проект го изготвува овластен проектант по барање на корисникот кој Бара поставување на урбана опрема. За поставената урбана опрема за комерцијална намена се плаќа надомест според Законот за комунални такси.

## 5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Општинските инспекции ќе вршат надзор над спроведување на стандардите и постапките за поставување на урбаната опрема.

Член 21

Постојните сопственици и корисници на урбана опрема на јавна пешачка површина и пред угостителски објекти што не ги исполнуваат стандардите утврдени со оваа Програма се должни во рок од 6 месеци по влегувањето во сила на оваа Програма да се прилагодат кон стандардите на истата. Во спротивно општинските служби ќе преземат мерки за нивно отстранување на сметка на сопственикот на објектот.

Член 22

Барањето за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема ја определува градоначалникот на Општина Делчево.

Член 23

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи претходно донесената Програма.

Член 24

Измена,дополнување,прошируавање и промена на оваа програма може да се изврши како за потребите на Општина Делчево така и по иницијатива од заинтересирани правни и физички лица, согласно законска регулатива.

Член 25

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник,, на Општина Делчево.

Член 26

Составен дел на оваа програма се графичките делови 1,2,3, 4 и 5 и образец за пополнување на барање.

Број 09-824/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.04.2021 година Претседател,

Делчево Драган Маневски,с.р.

25. Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002"), член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр.15/13 и 2/2019), како и согласно член 2 од Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" со средства обезбедени од Европската ивнестициона банка („Службен весник на РМ" бр.154/2010), Советот на Општина Делчево на 52.седница, одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

ОДЛУКА

за одобрување на приоритетен објект за апликација по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" преку фондовите на Европската инвестициона банка

Член 1

Се одобрува приоритетен објект за апликација по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" со финансирање преку фондовите на Европската инвестициона банка, како што следува:

- **Реконструкција на дел од дистрибутивната мрежа во градот Делчево зони – Милково Брдо, Ново Делчево и Потисен цевковод во Делчево, општина Делчево.**

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр.825/1** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**28.04.2021 година** **на Советот на Општина Делчево**

**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**